ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"СЈУ РАЈДЕР"
Бр. 02-121/10
05.06.2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 212 од Законот за социјална заштита ( Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.05.2019 година) како и член 20 од Статутот на ЈОУ Дом за страи лица „Сју Рајдер„ Битола , а во врска со Јавен оглас бр.1/2023 од 16.05.2023 година за вработување на ѓеронто домаќин на неопределено време ( објавен во дневниот печат Нова Македонија и Коха) по предходно добиената согласност на МТСП на РСМ, **Директорот на Јавна општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола** на ден **05.06.2023** година, ја донесе следната;

**О Д Л У К А**

**Член 1**

За работа на неопределено време за работно место ѓеронто домаќин во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола од пријавените 6 (шест) кандидати пријавени на огласот бр.1/2023 од 16.05.2023 година, се избираат 4 (четири) кандидати за работно место ѓеронто домаќин и тоа:

1.Стојчевска Афродита

2.Кадинска Јагода

3.Трајановска Соња

4.Темелковска Лидија

**Член 2**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На Јавниот оглас бр.1/2023 од 16.05.2023 година за вработување на 5 (пет) извршители на работно место ѓеронто домаќин на неопределено време во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола, се јавија 6 (шест) кандидати, но административната селекција ја поминаа и условите ги исполнуваа само 4 (четири ) кандидати.

Кандидатите: Стојчевска Афродите, Кадинска Јагода, Трајановска Соња и Поповска Лидија своите пријави со потребните документи ги доставија во Архивата на Домот во определениот рок и истите им беа прифатени како комплетни, а петиот и шестиот кандидат не ги исполнуваа потребните услови за вработување и не ја поминаа административната селекција согласно Јавниот оглас бр.1/2023 од 16.05.2023 година.

Според погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволните кандидати имаат право да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од приемот на истата.

**Доставено до:**
-Кандидатите
-Архивата на Домот за стари лица Сју Рајдер Битола

ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола
Директор
Марина Крстиќ